# Живот

## Награда за животно дело на Димитар Масевски на "Бубамара"

Композиторот Димитар Масевски ќе ја добие наградата за животно дело на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", што ќе се одржи на почетокот на идниот месец. Масевски ја заслужи наградата по 40-те години творење на повеќе од 500 хитови, кои ќе останат запаметени. Во нив се вбројуваат многу песни на "Силви бенд", "Молчи, молчи љубов моја", "За многу години, Македонци", што пред неколку години во дует ја испеаја Наум Петрески и Виолета Томовска и многу детски песни. Останатите работи поврзани за оваа манифестација сè уште не се познати и ќе остanат изненадување до самата вечер. Како и до сега, се знае дека водител ќе биде популарниот актер Тони Михајловски, заштитното лице на "Бубамара", но овој пат засилен со својот подмладок, син му Александар.

**(В.М.)**



## Ненад не е таша-маша само за девојки, туку и за менување гуми

Ненад Георгиевски од "Макспот" телевизија, новата водителска ѕвезда во ТВ-етерот, кој ги води популарната емисија "Пепси тајм" и македонската топ-листа "Код топ 10", не е дечко кој се занимава само со музика, со својот стил на облекување или со женско друштво. На самото место се уверивме дека е и вешт автомеханичар. Кога на автомобилот во кој се наоѓаше екипата која го следеше изборот на мавровска зимска убавица, на враќање кај селото Групчин му пукна гума, на Ненад не му беше тешко да ја смени.

- А, јас ова го правам секој втор ден - беше коментарот на Ненад, кој ги разби предрасудите дека е самобендисан водител.



## Жиле купи "сеат ибица"

Популарната водителка Живкица Ѓурчиновска - Жиле деновиве се подnови со нов автомобил "сеат ибица". Жиле досега не се двоеше од своето "тико", популарно наречено "Џоле", ама овој пат предизвикот беше голем. Го даде "Џоле" и доплати за новиот другар, кој, како што вели таа, сè уште нема име и се бара кум. А додека да го најде, таа ќе има вистинско возење низ скопските улици, а и надвор. Поточно секаде каде што се слушаат "Сити радио" и нејзината емисија "Сеат радио возење", која оди секој ден.

**(В.М.)**

## Браќата Тавитјан со албум во живо

Браќата Тавитјан, Дики и Гаро јуниор, го закажаа својот едночасовен концерт. Поводот е излегувањето на нивниот албум во живо, а промоцијата е на 4 февруари, во ноќниот клуб Вега. На овој мини-концерт браќата музички ќе бидат засилени со бас-гитаристот Дарко Мучев - Мучо, а како специјален гостин ќе настапи и легендарниот Гарбет Тавитјан.

Новиот албум веќе се печати во австриското студио Сони. По промоцијата, Дики и Гаро јуниор ќе настапат на концерт во Белград, кој е закажан за 12 февруари, во хотелот Хајат, и тоа во чест на вината на Тиквеш, кои тогаш ќе ја имаат белградската промоција. По ова, во април конечно ќе се случи и нивниот голем концерт во Универзална сала.

**(А.Г.)**

## Кафулето "Амика" ве враќа во 19 век во Италија

Кафулето "Амика" (до кино Милениум, ГТЦ) иако е неодамна отворено, не му требаше многу време да се разработи и да ги собере градските фаци. Има и зошто. Кога ќе влезете внатре, воодушевува амбиентот, кој од прва ве потсетува на некое италијанско кабаре. И тоа оние од времето на 19 век. Се внимавало на сите детали во кафулето, и тоа од спуштените лустери кои заличуваат на лале, па до белите кадифени чаршафи на масичките, свеќници од сите страни. Кафето е одлично, а меракот да се испие поголем, зашто го служат во чаши кои, исто така, ве враќаат назад во времето. Има и милиброд, за по кафето, кој го служат во висок стаклен сад. И музиката е она што ви ја доловува Италија. Можете да ги слушнете оперите на Павароти или да се потсетите на тоа дека италијанските канцони не је изгубиле вредноста.

**(А.Г.)**